Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

од Сто четириесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 април 2023 година

Скопје, април 2023 година

**З А П И С Н И К**
**од Сто четириесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 април 2023 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:15 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа членовите на Владата д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата учествуваа и м-р Назим Буши, заменик на министерот за внатрешни работи, Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда, д-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски.

На седницата не учествуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за

внатрешни работи, м-р Кренар Лога, министер за правда, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство и Благој Бочварски, министер за транспорт и врски.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Предлог-одлука за определување на највисоки цени за одделни производи во трговијата на мало

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

4. Информација за потпишување на Меѓународна спогодба помеѓу Европската Унија и Северна Македонија за учеството на Северна Македонија во Програмата на Унијата-Програма Дигитална Европа за периодот 2021-2027 година, со усогласен текст на Спогодба

5. Информација за потребата од обезбедување на дополнителни средства за финансирање на сегмент 2, фаза 1 од проектот „Реконструкција на казнено-поправните установи во Република Северна Македонија" за отпочнување на постапки за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка за изградба и повеќегодишен договор за јавна набавка за стручен надзор на градба на објектите од сегмент 2, фаза 1 во комплексот Казнено поправен дом-Идризово, Општина Гази Баба

*

*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

### Точка 1

Владата ја донесе Одлуката за определување на највисоки цени за одделни производи во трговијата на мало.

Истовремено, Владата го задолжи Инспекцискиот совет да ги координира инспекциските служби да ја интензивираат работата на терен (посебно Државниот

пазарен инспекторат), како и да ги зголемат контролите, со цел доследно спроведување на одлуките и мерките на Владата.

Исто така, се задолжува Управата за јавни приходи, а се укажува на Комисијата за заштита на конкуренцијата, согласно законските надлежности и мерките на Владата, да преземе поинтензивни активности во делот на контролата на екстра добивки, пазарното однесување, маржите и злоупотребата на пазарната позиција во услови на криза.

**Точка 2**

**1.** Владата го разреши Аммар Даут од должноста директор на ЈУ од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје, на негово барање.

**2.** Владата го именува Мирсад Ибраими за вршител на должноста директор на ЈУ од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје

**3.** Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до крајот на април 2023 година, да објави јавен оглас кој се објавува во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат е на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за избор на пет комисионери (членови) од кои еден е претседател на Комисијата за хартии од вредност.

**Точка 3**

**1.** Владата повторно ја разгледа Предлог-одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Северна Македонија и заклучи истата да се разгледа на наредната седница на Владата, што ќе се одржи на 5 април 2023 година (среда).

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Меѓународна спогодба помеѓу Европската Унија и Северна Македонија за учеството на Северна Македонија во Програмата на Унијата-Програма Дигитална Европа за периодот 2021-2027 година, со усогласен текст на Спогодба, и ја усвои со следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Го прифати усогласениот изменет текст на Спогодбата помеѓу Европската Унија од една страна и Северна Македонија од друга страна, за учеството на Северна Македонија во Програмата на Унијата-Дигитална Европа (2021-2027година).

2. Се овластува д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, во рок од 15 дена, да ја потпише Спогодбата помеѓу Европската Унија од една страна и Северна Македонија од друга страна, за учеството на Северна Македонија во Програмата на Унијата-Дигитална Европа (2021-2027 година).

## Точка 5

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од обезбедување на дополнителни средства за финансирање на сегмент 2, фаза 1 од проектот „Реконструкција на казнено-поправните установи во Република Северна Македонија" за отпочнување на постапки за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка за изградба и повеќегодишен договор за јавна набавка за стручен надзор на градба на објектите од сегмент 2, фаза 1 во комплексот Казнено поправен дом-Идризово, Општина Гази Баба и ја усвои со следните заклучоци (усогласени со Министерството за финансии):

1. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Министерството за правда-Управа за извршување на санкциите, во рок од два дена да подготви и достави допис до Банката за развој при Советот на Европа со кој ќе извести дека, согласно склучениот Договор за заем и новата инвестициска вредност на сегмент 2, фаза 1 од Проектот, Владата ќе ги обезбеди потребните средства за затворање на финансиската структура на Сегмент 2 Фаза 1 од Проектот, односно ќе го обезбеди потребното буџетско учество во износ од 16.000.000,00 евра во 2027 и 2028 година и воедно да побара продолжување на рокот за повлекување на заемот до 30 јуни 2027 година.

2. Се задолжува Министерството за правда-Управа за извршување на санкции средствата за реализација на сегмент 2, фаза 1, од проектот „Реконструкција на казнено-поправните установи во Република Северна Македонија" да ги прикаже во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

3. Се задолжува Министерството за правда-Управа за извршување на санкции по добивање на позитивен одговор од Банката за развој при Советот на Европа да ги отпочне постапките за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка за изградба и повеќегодишен договор за јавна набавка за стручен надзор на градба на објектите од сегмент 2, фаза 1 во комплексот Казнено поправен дом-Идризово, Општина Гази Баба.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 12:30 часот.

Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија

м-р Методија Димовски

Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија

dr. Artan Grubi